Врз основа на член 18 од Законот за здруженија и фондации („Сл. весник на РМ" бр. 52/2010, 135/11 и 55/16) и одлуката за основање на Здружението ОПСЕРВАТОРИЈА ЗА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО Скопје.

Основачкото собрание на здружението, на седницата одржана на ден 19.10.2020 година го донесе следниов:

# С Т А Т У Т
# на
# Здружение
# ОПСЕРВАТОРИЈА ЗА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО
# Скопје

## Општи одредби

### Член 1

Здружението ОПСЕРВАТОРИЈА ЗА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО Скопје е доброволно, непрофитно, невладино, непартиско здружение на граѓани, формирано со слободно здружување на граѓаните заради остварување, заштита и усогласување на своите интереси и уверувања за унапредување на граѓанското општество и локалните заедници, како и заради вршење дејности и активности за поттикнување на моралните вредности, зајакнување на меѓуетничките односи и економскиот развој на територијата на Македонија и пошироко, а во согласност со Уставот и Законот.

### Член 2

Граѓаните се здружуваат во Здружението за да придонесат кон создавање овозможувачка средина за развој и промоција на социјално претприемништво, праведно општество, социјална еднаквост и социјална свест врз основа на знаење и докази и преку користење современи комуникациски алатки и инструменти и активно учество и вклученост во социјалниот развој.

### Член 3

Седиштето на Здружението ОПСЕРВАТОРИЈА ЗА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО Скопје е во општина Аеродром, град Скопје, на Бул. Трета Македонска Бригада бр. 37, влез 1, стан 10, а се организира и делува на национално и меѓународно ниво.

Здружението во своето дејствување може да соработува со организации, здруженија, фондации и институции, и да членува во асоцијации и мрежи во земјата и странство, согласно Уставот и законите на РМ, како и согласно овој Статут.

### Член 4

Здружението своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со односите утврдени со Уставот на Република Македонија, со овој Статут и законите на Република Македонија.

**Член 5**

Називот на здружението на граѓани е:
**Здружение на граѓани –**
**ОПСЕРВАТОРИЈА ЗА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО**
Името на англиски јазик е:
**SOCIAL ENTREPRENEURSHIP OBSERVATORY**
Скратениот назив на Здружението е:
**Здружение ОПСЕРВАТОРИЈА ЗА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО Скопје (на Македонски јазик - „ОСП“, на англиски јазик – “SEO”**

**Член 6**

Здружението ОПСЕРВАТОРИЈА ЗА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО Скопје има својство на правно лице со права, обврски и одговорности кои произлегуваат од овој Статут и законските прописи.

Здружението ОПСЕРВАТОРИЈА ЗА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО Скопје го претставува и застапува Претседателот.

Здружението ОПСЕРВАТОРИЈА ЗА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО Скопје има свој печат и штембил.

Печатот е тркалезен и го содржи името на здружението на македонски јазик со кирилично писмо и на англиски јазик, а на средината стои логото на Здружението.

Штембилот е правоаголен и го содржи следниот текст: Здружение ОПСЕРВАТОРИЈА ЗА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО Скопје на македонски јазик со кирилично писмо и SOCIAL ENTREPRENEURSHIP OBSERVATORY на англиски јазик, број, дата и место.

## Мисија и визија на Здружението

**Член 7**

Граѓаните се здружени во Здружението заради остварување поширок заеднички интерес.

Мисијата на Здружението ОПСЕРВАТОРИЈА ЗА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО Скопје е да придонесе кон создавање овозможувачка средина за развој и промоција на социјално претприемништво, праведно општество, социјална еднаквост и социјална свест врз основа на знаење и докази и преку користење современи комуникациски алатки и инструменти и активно учество и вклученост во социјалниот развој.

Здружението ја остварува својата мисија преку:

- знаење и докази и посветеност на учење и практична обука;
- употребување современи комуникациски алатки и инструменти, каде што секој може да придонесе за развој и спроведување на законите и социјалните политики;
- промовирање различност, инклузивност и родова еднаквост во структурата на здружението и неговите активности;

- активно учество и вклучување во општествените процеси и развој;
- унапредување на социјалното право, социјалната политика и пракса;
- унапредување на екосистемот за претприемништвото, иновациите и социјалното претприемништво;
- истражувања базирани на докази;
- користење на принципот цело општество;
- застапување и промоција на кохезија и хармонизација на националните закони и политики;
- соработка со останати grass-root, локални, национални и меѓународни организации;
- издавачка дејност;
- формирање локални, национални, регионални и меѓународни мрежи;
- формирање национални и меѓународни ресурсни центри;
- креирање образовни програми за подигнување на свеста и градење капацитети на населението, граѓанските организации, бизнис секторот и други целни групи;
- организирање настани (работилници, тркалезни маси, трибини, обуки, семинари, конференции и друго) за подигнување на свеста и градење капацитети на населението, граѓанските организации, бизнис секторот и други целни групи;
- како и вмрежување со други организации на национално и меѓународно ниво.

Визијата на Здружението ОПСЕРВАТОРИЈА ЗА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО Скопје е да биде движечката сила за развој на социјалното претприемништво како клучен фактор за постигнување одржлив развој, социјална еднаквост и интегрирано општество.

**Член 8**

Здружението ОПСЕРВАТОРИЈА ЗА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО Скопје е организација која овозможува еднакви можности за работа со и за различни групи население, во различни околности и средини.

Здружението ОПСЕРВАТОРИЈА ЗА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО Скопје не врши дискриминација врз која било од основите за дискриминација предвидени во националното законодавство и согласно меѓународните стандарди. Ова се однесува, но не исклучиво, на вработување и отпуштање вработени, избор на волонтери/стажанти и добавувачи, имплементација на активности и давање услуги.

Здружението ОПСЕРВАТОРИЈА ЗА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО Скопје презема афирмативни мерки за да осигура еднакви можности за сите при вработување, избор на кандидати, огласување на работни места, надоместок, раскин на договор, унапредување, промоција, како и во однос на кои било други услови поврзани со работните односи.

**Член 9**

Здружението со посебна одлука може да формира акционерско друштво, друштво со ограничена одговорност и друг облик, согласно Законот за трговски друштва на РМ.

Здружението работи врз основа на план и програма за работа.

**Член 10**

Здружението ги остварува своите Мисија и Визија преку утврдена Програма за работа.

Програмскиот дел се состои од:

- организирање конкретни програмски активности;
- спроведување проекти;
- воспоставување, одржување и унапредување партнерства и мрежи на национално и меѓународно ниво;
- истражувања, анализи, обуки и евалуација;
- организирање конференции, семинари, обуки и друг вид активности;
- влијаење, застапување и поттикнување иницијативи кај надлежните органи и институции во насока на остварување на целите на Здружението;
- креирање политики за видливост, комуникација и медиумска изложеност;
- медијација;
- други работи предвидени со овој Статут и Програмата;

## Членување

### Член 11

Член на Здружението ОПСЕРВАТОРИЈА ЗА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО Скопје може да биде секој полнолетен граѓанин, државјанин на Република Македонија, странец или лице без државјанство, кој доброволно ќе пристапи кон Здружението со давање писмена изјава.

Малолетно лице со наполнети 14 години се зачленува во здружението со давање потпишана изјава за согласност на неговиот законски застапник за зачленување, во согласност со законот.

Зачленувањето во Здружението се врши со пристапница, односно со издавање членска книшка, која при исклучување или престанок на членувањето во Здружението, задолжително се враќа со потпишување лична писмена изјава.

Здружението за своите членови води регистар на членство кој се ажурира еднаш годишно. Податоците од регистарот се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци и класифицирани информации.

### Член 12

Членот има право да бира и да биде биран во органите на Здружението, да учествува во работата на Здружението, да придонесува во развојот, промовирање и популарноста на Здружението, доброволно да се откаже од членувањето, да ги изнесува своите ставови по поставени прашања.

Правото да бидат избрани е ограничено само за малолетните членови.

### Член 13

Членовите на Здружението се должни:

- да го почитуваат Статутот,
- да присуствуваат на состаноците, да доставуваат податоци и извештаи за работата на Здружението при остварувањето на целите на Здружението

- да земаат активно учество во спроведувањето на Програмата на активностите на Здружението,
- да ги извршуваат активностите предвидени со Програмата за работа.

**Член 14**

Членството во Здружението може да престане:
- по барање на членот на Здружението,
- ако не го почитува Статутот и обврските кои произлегуваат од него,
- ако дејствува против целите на Здружението,
- ако не ја плаќа редовно членарината.

Одлука за престанок на членството во Здружението донесува Извршната канцеларија на Здружението.

## Јавноста во работата

**Член 15**

Работата на Здружението ОПСЕРВАТОРИЈА ЗА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО Скопје е јавна.

На јавноста ѝ се обезбедува редовно известување (на членовите, други здруженија или поширокатa јавност) за работењето и активностите на Здружението, преку увид во спроведувањето на програмските задачи, поднесување извештај за работата на органите и телата на Здружението, за материјално – финансиското работење и друго.

За информирање на членовите и пошироката јавност се користи печатот, радиото, телевизијата, (интернет-страница) како и списанието и таблата за јавно огласување која стои на видно место во просториите на самото здружение.

## Финансирање на здружението

**Член 16**

Здружението остварува средства од:
- членарина,
- донации, доброволни прилози,
- проектни грантови од домашни и странски фондови, фондации, грантови шеми и друго,
- буџет на РМ и локалните самоуправи,
- давање услуги на други здруженија, организации и институции,
- провизии од органи, организации,
- заедници и други установи,
- трговски друштва и други правни лица,
- други услуги (имотни права и сл.),
- други извори предвидени со Законот и Статутот.

**Член 17**

Користење и располагањето со средствата на Здружението добиени по основите од претходниот член се врши на начин утврден со овој Статут и со останатите законски норми, утврдени со Финансискиот план и врз основа на валидни документи.

**Член 18**

За користење и располагање со средствата одлучуваат органите на Здружението, согласно надлежностите утврдени со овој Статут, кои преземаат мерки за економско целосообразно користење на средствата и за спречување и отсранување на незаконитостите.

**Член 19**

Здружението ОПСЕРВАТОРИЈА ЗА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО Скопје донесува годишен финансиски план за приходите и расходите на Здружението.

Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат по член 16 од Статутот, како и расходите за општествената активност, плати на вработените, материјали, трошоци за работа на Здружението и други расходи поврзани со работата на Здружението.

Финансискиот план може во секое време да се измени.

## Органи на Здружението

**Член 20**

Органи на Здружението ОПСЕРВАТОРИЈА ЗА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО Скопје се:

1. Собрание
2. Претседател и
3. Извршна канцеларија

## Собрание на Здружението

**Член 21**

Собранието е највисок орган на Здружението.

Собранието го сочинуваат сите полнолетни членови на Здружението

Собранието избира Претседател на Здружението со мандат од 4 години со право на повторен избор.

Претседателот на Здружението го застапува и претставува Здружението и претседава со седниците на Собранието.

Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

**Член 22**

Изборното Собрание се свикува на секои 4 години и конституирањето на органите и телата мора да се изврши 30 дена пред истекот на мандатот на членовите на органите и телата.

Поканата со материјалите за дневен ред во писмена форма се доставуваат најмалку 3 дена пред одржување на седницата.

**Член 23**

На изборното собрание се избира:

- Претседател на Здружението;
- Записничар;
- Двајца оверувачи на записникот;
- Други органи на управување на Здружението.

**Член 24**

Седници на Собранието свикува Претседателот на Здружението по сопствена иницијатива.

Седници на Собранието се свикуваат и по предлог на Извршната канцеларија на Здружението или на 1/5 од вкупниот број членови на Собранието.

Ако претседателот на Здружението во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува претставник на Извршната канцеларија или иницијаторите.

Начинот на свикување и одржување на седниците на Собранието на Здружението се определува со Деловникот за работа на Собранието.

**Член 25**

Собранието може полноправно да одлучува ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број членови.

Собранието по правило ги донесува одлуките со мнозинство гласови од присутните членови.

На собранието се одлучува со јавно гласање, но по потреба и на предлог од 1/3 од членовите / делегатите, гласањето може да биде и тајно.

Членовите на Собранието во секое време треба да ги имаат целите и интересите на Здружението над поединечните или посебните цели на која и да е друга страна.

**Член 26**

Собранието ги врши следните работи:

- Донесува Статут на Здружението и врши измени и дополнувања на истиот;
- Усвојува годишен извештај, насоки и план за работа,
- Усвојува завршна сметка и финансиски план,
- Одлучува за промена на Мисијата и Визијата на здружувањето,
- Одлучува за основање и укинување на ограноци и други облици на организирање на здружението,
- Одлучува за здружување или разделување од друго здружение и за зачленување во сојузи, национални и меѓународни мрежи, како и меѓународни организации,
- Констатира прием на нови членови и престанок на членувањето,

- Избира Претседател на Здружението,
- Донесува програма за работа на Здружението,
- Го разгледува и усвојува извештајот за работа на Извршната канцеларија помеѓу две собранија,
- Ја следи материјално-финансиската состојба на Здружението помеѓу две собранија,
- Расправа за постигнатите резултати од развојот на Здружението и дава насоки за натамошен развој на Здружението,
- Донесува одлуки, заклучоци, препораки за решавање прашања од интерес на Здружението,
- Одлучува за престанок на здружението со двотретинско мнозинство,
- Врши и други работи кои произлегуваат од Статутот и законите.

## Претседател на Здружението

### Член 27

Собранието на Здружението го избира Претседателот со мнозинство од бројот на членовите кои гласале.

Претседателот на Здружението управува со работниот процес на Здружението.

Претседателот на Здружението ги врши своите права и обврски врз основа и во рамки на Статутот и општите акти на Здружението.

Претседателот има мандат од четири години со право на повторни реизбори.

Претседателот е одговорен пред Собранието на Здружението.

### Член 28

Претседателот на Здружението:

- го застапува Здружението во правниот промет со трети лица и е одговорен за комуникација и соработка;
- ги следи и анализира состојбите, проблемите и јавните политики во дејноста, покренува иницијативи и дава предлози за унапредување на работата;
- идентификува, развива и спроведува мерки од стратешкото планирање и изготвува годишни и периодични програми за работа и деловни и финансиски планови;
- поднесува периодични извештаи и годишни извештаи до Собранието;
- ја координира работата на Извршната канцеларија и развива организациска култура;
- раководи со секојдневната работа, ја планира, организира и спроведува истата;
- воспоставува соодветни процедури за работа;
- формира пописни и други комисии;
- формира разни видови стручни советодавни тела, чија работа се уредува со Деловник донесен од Претседателот;
- се грижи за правично и економично работење со средствата на здружението и управува со паричниот тек;
- одлучува за именување раководни лица во организацијата;
- одлучува за засновање работен однос, ги води и мотивира соработниците, воспоставува показатели и ги оценува работните постигнувања;
- врши и други работи согласно закон, Статут и другите општи акти на здружението.

### Извршна канцеларија

**Член 29**

Извршната канцеларија на Здружението е одговорна за раководните, стручните и административните работи, односно ги води секојдневните работи, поддршката на органите на Здружението и спроведување на политиката и програмите одобрени од органите на Здружението ОПСЕРВАТОРИЈА ЗА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО Скопје.

**Член 30**

Извршната канцеларија ја сочинуваат Претседателот на Здружението, раководните лица и останатите соработници.

Претседателот ги избира соработниците раководејќи се од принципите на интегритет, компетентност, ефикасност и афирмативност.

Организацијата и работата на Извршната канцеларија се уредува со акти што ги донесува Претседателот на Здружението.

**Член 31**

Извршната канцеларија:

- ги следи и анализира општествените трендови и проблеми, со фокус на економските, социјалните и политичките трендови и проблеми;
- ги подготвува седниците на органите за општо управување и ги изготвува материјалите;
- ги спроведува планираните активности на Здружението, во рамките утврдени со Годишниот план за работа и со Финансискиот план;
- подготвува среднорочни и долгорочни финансиски планови за работа, како и извештаи;
- работи со финансиските средства на располагање со цел да обезбеди максимална синергија;
- мобилизира нови финансиски извори;
- извршува канцелариски работи, ја чува архивата и води сметководство;
- идентификува и формулира програми, подготвува документација и се грижи за спроведувањето, мониторингот и евалуацијата на програмските активности ;
- одржува односи со јавноста.

## Престанок на Здружението

**Член 32**

Здружението престанува со работа во следниве случаи:

- Ако за тоа се изјаснат 2/3 од членовите на Собранието на Здружението,
- Ако бројот на членовите се намали под бројот определен со Законот за основање здружение,
- Ако настапат причини утврдени по член 63 од Законот за здруженија и фондации,

Основачите на Здружението имаат право да го укинат здружението.

**Член 33**

Во случај на престанок на работата на Здружението, откако ќе се подмират сите обврски, Претседателот на Здружението заедно со Извршната канцеларија ќе донесат одлука за тоа како и на кого ќе се пренесе преостанатиот дел од средствата и имотот.

За престанок на работата на Здружението ќе се извести надлежниот државен орган кој во законски рок ќе изврши бришење на Здружението од регистарот на здруженија.

## Преодни и завршни одредби

**Член 34**

Толкување на одредбите на овој Статут дава Собранието на Здружението, а помеѓу две собранија, Извршната канцеларија на Здружението.

**Член 35**

Измени и дополнување на овој Статут се вршат по иста постапка како и за неговото донесување.

**Член 36**

Овој Статут влегува во сила од денот на неговото донесување, на ден 19.10.2020 година.

**Време и место**

19.10.2020, Скопје

**Здружение**
**ОПСЕРВАТОРИЈА ЗА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО Скопје**

**Претседател**
**Стефан Чичевалиев**